ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (631)

01 2019 03 03/02

**Скопје, април 2020**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Финансиски извештаи за 2018 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства за 2018 година | 8 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 9 - 10 |
| - Сметководствени политики | 11 - 13 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 14 - 17 |

Прилози

Прилог 1 – Преглед на резултатите од спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година

Кратенки користени во извештајот

Министерство за финансии – министерството;
РСМ – Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:10-421/7**
**Датум: 27.04.2020**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии на сметката на основен буџет (631) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2018 година изразивме мислење без резерва, за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, за резултатот од финансиските активности во Билансот на приходи и расходи изразено е мислење без резерва и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразено е мислење без резерва.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година, при што е констатирано дека дадената препорака е спроведена.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, ревизијата истакнува  дека во сметководствената евиденција на министерството евидентиран е објект Управа за јавни приходи - подрачна единица Скопје за кој министерството располага со имотен лист согласно кој е носител на правото на недвижноста, но овој објект не се користи од страна на министерството, односно во истиот се сместени службите на Управата за јавни приходи.
Од страна на овластеното лице на Министерството за финансии не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна од 6 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии, сметка на основниот буџет (631) за 2018 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2018 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, за резултатот од финансиските активности во Билансот на приходи и расходи изразено е мислење без резерва и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- д-р Драган Тевдовски, министер во периодот од 31.05.2017 до 26.06.2019 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа на нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.09.2019 до 15.11.2019 година кај Министерство за финансии, сметка на основниот буџет (631) за 2018 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. погорен опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година. Дадена е една препорака која е спроведена.

Во Прилог 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 03.02.2020 година.
Од страна на овластеното лице на Министерството за финансии не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на министерство за финансии на ден 31 декември 2018 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на министерството за финансии, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со извршениот увид во документација/имотни листови за евидентираните градежни објекти, со состојба 31.12.2018 година, утврдивме дека во сметководствената евиденција на министерството евидентиран е објект кој го користи Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, со вкупна вредност од 47.871 илјади денари за кој министерството располага со имотен лист и е носител на правото на сопственост на недвижноста.

Ревизијата истакнува дека заради соодветна заштита на наведениот објект потребно е министерството во соработка Владата на РСМ и Управата за јавни приходи, да преземат мерки и активности за отстапување на сопственоста/правото на користење на наведениот објект на неговиот корисник Управата за јавни приходи, како и да се изврши соодветно сметководствено евидентирање на истиот.

**Министерство за финансии**
**Сметка на основен буџет (631)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 924 | 987 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 1.764 | 1.244 |
| **Вкупно приходи** | | **2.688** | **2.231** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 346 | 416 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.2. | 549 | 51 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **895** | **467** |
| **Вкупно расходи** | | **895** | **467** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **1.793** | **1.764** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Министерство за финансии** | | | |
| **Сметка на основен буџет (631)** | | | |
| | | | |
| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2018** | **2017** |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.793 | 1.764 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 11 | 24 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.804** | **1.788** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 54 | 104 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 72.298 | 73.374 |
| **Вкупно постојани средства** | | **72.352** | **73.478** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **74.156** | **75.266** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 10 | 24 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 1 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 1.793 | 1.764 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.804** | **1.788** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 72.352 | 73.478 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **72.352** | **73.478** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **74.156** | **75.266** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Министерство за финансии** | | | |
| **Сметка на основен буџет (631)** | | | |
| | | | |
| ПРЕГЛЕД | | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА | | | |
| | | | |
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2018 година** | **73.478** | - | **73.478** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.126** | - | **1.126** |
| Преотстапени капитални средства | 24 | - | **24** |
| Амортизација | 1.102 | - | **1.102** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **72.352** | - | **72.352** |